# ПОВИК

## за ангажирање на локални тренери/ментори во работни клубови

## Липково, Старо Нагоричане, Крива Паланка

Центарот за економски анализи ЦЕА и Федерацијата на фармери на Република Македонија, го спроведуваат проектот "*Создавање на можности за младите од руралните средини*", финансиран од програмата на ИПА - Развој на човечки ресурси, на Европската Унија.

Проектот има за цел да го олесни вклучувањето на младите од руралните средини на пазарот на трудот во Североисточниот регион во Македонија (СИ регион). Оваа заедничка цел ќе се постигне преку: 1) зголемување на вештини и разбирање на вработеноста на младите од руралните средини, 2) изградба на регионален систем за развој на работна сила, и 3) развивање на регионална стратегија за социјално вклучување на пазарот на трудот на целните групи.

Со проектот се поддржува социјално вклучување на младите од руралните средини преку зголемување на вештините за вработување, обука и поддршка за подобро користење на програми и ресурси за вработување, со што ќе се придонесе за економскиот и социјалниот развој на општините во североисточниот регион во Македонија. Придобивките од проектот се од особено значење за младите од руралните средини и за бизнисите во целниот регион.

Еден од начините за постигнување на целите на проектот е отворање на **Работни клубови во рамките на**

1. **Општина Липково**
2. **Општина Старо Нагоричане и**
3. **Општина Крива Паланка**

кои ќе придонесат за зголемување на капацитетите на младите невработени од тие општини преку овозможување на практикантска работа во работните клубови како и практиканство кај компаниите во регионот. За непречено функционирање на Работните клубови потребни се 3 лица, по едно лице во секоја општина.

## 1. Опис на работата и одговорности:

Тренерите во Работните клубови, ќе бидат одговорни за функционирањето на клубовите, креирање на планови за работа, идентификување на практиканти, нивно менторирање и набљудување на нивната работа и известување пред проектот.

**Обврски и одговорности:**

1. Да подготви план за работа согласно обврските и одговорностите кои ќе следат подолу и истиот да го достави до одговорните за проектот.
2. Да соработува со останатите двајца тренери во другите два работните клубови за координација и ефективно извршување на работите.
3. Идентификување, комуникација, селекција и менторирање на невработени млади од регионот кои се заинтересирани за зголемување на своите капацитети преку практиканство во работните клубови (12-15 лица кои ќе поминат просечно двомесечно практиканство, од кои по тројца ќе можат да бидат вклучени истовремено).
4. Активно да учествуваат во воспоставување на контакти со компании во општината и регионот кои би биле заинтересирани за да примат практиканти и за идентификување на профил на лица кои им се потребни за практиканство во компаниите (во десетина компании каде би поминале практиканство 20 практиканти по локација).
5. Комуникација со невработените во регионот во процесот на идентификување на профилот кој ги бара компанијата за спроведување на практиканство.
6. Водење на евиденција (структура) за невработените млади и бизнисите од регионот со кои е комуницирано, и евиденција на истите кои се идентификувани како профил кој одговара.
7. Менторирање на невработените лица кои ќе бидат практиканти во работните клубови (најмногу по 3 истовремено) во зголемување на нивниот капацитет во процесот на барање на работа како и пренесување на стекнатите знаења од обуките за лицата кои ќе бидат обучувани во работните клубови
8. Координација со општината за функционирањето на канцеларијата, како и одговорност за оперативното функционирање на Работните клубови и грижа за опремата во Работните клубови.
9. Координација, комуникација, насочување и доделување на практикантски задачи на лицата вклучени во Работните клубови во процесот на подготовка за наоѓање на работа: Подготовка на план за работа; Следење на имплементацијата на индивидуалните планови; Подготовка на извештај за напредокот на лицата на месечно ниво.
10. Да знае да ги идентификува вештините и квалитетите и потребите на заинтересираните кандидати за практиканство за што тренерот ќе подготви краток

прашалник/методологија согласно која ќе идентификува потребите и квалификациите на кандидатите.

11. Да биде достапен и отворен за спроведување на активности и одговорности доделени од проектниот тим и партнерите за ефективно спроведување на целите на работните клубови во регионот.
12. Да дава информации на дневна основа на заинтересираните практиканти за работните клубови, компаниите како и на заинтересираните компании во регионот.
13. Да води континуирана евиденција на практиканти, да комуницира со компаниите каде ќе има практиканти за напредокот на практикантите (барем еднаш на две недели), подготвува извештаи по завршување на секоја практикантска работа во работните клубови
14. Сите извештаи за остварените контакти, идентификуваните лица и бизниси, плановите за работа и резултатите од реализираните практиканства е должен да ги доставува континуирано (еднаш месечно) до одговорните лица за проектот.
15. По завршување на ангажманот е должен да достави завршен извештај во кој ќе ги презентира клучните резултати и постигнатите цели согласно неговите должности одговорности.

| Очекувани резултати: Практиканство во компании | Очекувани резултати по Тренер | Број на Тренери во регионот | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да идентификува десетина компании каде во период од една година ќе овозможат платено практиканство на невработени лица од регионот со кои ќе биде потпишан меморандум за соработка | Меморандуми со 10 компании | 3 | 30 |
| Да идентификува најмалку 20 лица од регионот кои одговараат на потребите на бизнисите за практиканство од еден до три месеци во регионот, распоредени во период од една година. | Договори и следење на 20 лица во регионот кои ќе поминат низ практиканство | 3 | 60 |

| Очекувани резултати: Практиканство во работни клубови | Очекувани резултати по Тренер | Број на Тренери во регионот | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да идентификува и да работи/менторира најмалку 12 до 15 невработени лица во регионот на кои им е потребни унапредување на вештините за влез на пазарот на труд преку просечно дво-месечно практиканство во работните клубови на секојдневна основа (со тројца истовремено) | 12 | 3 | 36 |
| Да подготви месечни планови и месечни извештаи како и финални извештаи за 12 до 15 лица кои ќе поминат практиканство во Работните клубови | 36 (месечни извештаи | 3 | 108 |

## 2. Времетраење на ангажман

Тренерите во работните клубови ќе бидат ангажирани по 6 работни часа во денот во текот на 12 месеци, започнувајќи од средината на јули 2016, за кое време треба да ги исполнат најмалку очекуваните резултати дадени погоре.

## 3. Потребните квалификации и критериуми за избор

- Пред започнување со работата на Работните клубови, *задолжително* да присуствува и активно да учествува на серијата од обуки дизајнирани за потребите на проектот (4 обуки) во текот на месец јуни:
    1. Барање на работа и унапредување на вештини за барање на работа; (2 дена)
    2. Комуникација и обука за “меки” вештини; (3 дена)
    3. Развој на бизнис и претприемништвото; (3 дена)
    4. Пристап до извори за финансиски средства (3 дена)
- Да биде на возраст помеѓу 20 и 39 години,
- Да биде формално невработен,
- Да биде со најмалку средно образование, предност ќе имаат лица со високо образование,
- Да биде со живеалиште во општините во Североисточниот плански регион,
- Да има способности за работа во тим,
- Да има вештини за координација и организација,
- Да биде запознаен со локалниот амбиент на деловниот сектор како и со невработените млади,
- Да има добри комуникациски вештини (за комуникација со компаниите во регионот, практикантите и практикантите во работните клубови),
- Да биде проактивен и да сака да учи и да ги споделува своите знаења,
- Да има чувство на почитување на етничката припадност, религија, род, култура, социјален статус.
- Да има познавање на работа со компјутери и тоа Word, Excel, Power point, интернет и работа со електронска пошта,
- Да биде отворена и поактивна личност,
- Да биде подготвен да ги посети и компаниите во општината или регионот,

Прелиминарниот избор на кандидати ќе биде составена од комисија од проектот и од општината преку техничка евалуација на пријавата, квалитетот на пријавата. Најдобро рангираните кандидати од кратката листа ќе бидат повикани на интервју и/или тестирање. Конечниот избор ќе биде одобрен по успешно завршување на серијата обуки на најдобро рангираните кандидати од евалуацијата и спроведените интервјуа.

4. **Локација**

Локалните тренери ќе бидат ангажирани на 3 локации (во рамките на Општините) во Крива Паланка, Старо Нагоричане и Липково. Местото на работните клубови е предвидено да биде во склоп на општините.

5. **Начин на известување**

Секој тренер треба да поднесува извештај до одговорните лица на проектот. Извештаите ќе се поднесуваат еднаш месечно за секој практикант, но и месечно за неговиот напредок и работа во однос на обврските.

6. **Надомест и времетраење**

Ангажираните лица ќе се исплаќаат месечно. Предвиден максимум *бруто* надомест за ангажманот е 15.000 денари на месец, по поднесување и одобрување на месечните извештаи до проектниот тим и адекватно извршување на задачите .

7. **Начин и рок на пријавување**

Сите заинтересирани кандидати можат да се пријават најдоцна до **30-ти мај 2016**, со испраќање на
(1) Кратка биографија и
(2) Писмо за интерес во кое ќе дадете осврт на вашите квалификации и вештини како и мотивацијата за оваа место.
(3) Образец 1 – предлог план за работа, пристап и методологија за работа во работните клубови и практиканти
(4) Писмо за препорака од релевантно лице не е задолжително, но ќе биде земено во предвид и се смета за предност. Доколку доставите писмо со препорака истото треба да биде потпишано со контакт информации со лицето кое ја дава препораката.

Биографијата, писмото за мотивација, и предлог планот доставете го на следниот e-mail: ruralyouth2016@gmail.com, **и** gabriela_dimovska@hotmail.com со назнака Пријавување за тренер за работен клуб *<локацијата Липково, Старо Нагоричане или Крива Паланка>*.

***Образец 1 – Предлог Пристап, методологија и работен план***

*Во согласност со пријавата за Тренер во работен клуб го доставувам следното:*

| | |
|---|---|
| **Подносител:** | |
| Име и презиме | |
| Адреса: | |
| Телефон: | |
| Е-пошта: | |

***Пристап и методологија (најмногу 1 страна)***

*<Опишете и одговорете на прашањата: Како ќе пристапите кон идентификување: на компании кои се заинтересирани да примат практиканти, практиканти за во работните клубови, младите невработени од вашиот регион? Како ќе направите усогласување на потребите на практикантите и на компаниите? Како ќе ги исполните очекуваните резултати од вашиот ангажман? Какви алатки ќе користите за остварување на очекуваните резултати?>*

Создавање можности за вработување на младите од руралната средина
Овој проект е финансиран од Европската унија

Центар за економски анализи (ЦЕА) и Федерација на фармерите на Република Македонија (ФФРМ)
http://cea.org.mk/ http://ffrm.org.mk/

## Предлог Работен план за реализација на активностите (најмногу 2 страни)

< пополнетите полиња подолу се само пример, отстранете по потреба и додадете онолку редови колку ви се потребни>

| Реден број | Активност | Време/ Период | Производ/Аутпут | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| 1 | пр. Учество на сите обуки организирани од проектот | 1-30/06/2016 | Добиени материјали од обуките<br>Воспоставена комуникација со лица кои ја посетија обуката за можно практиканство (во работни клубови и/или компании) | Зголемени знаења за да ги пренесам на практикантите<br>Идентификувани 3 лица да започнат практиканство во работниот клуб |
| 2 | пр. Координација со проектниот тим и со општината | 1-15/7/2016 | Детален одобрен работен план | Усогласени ставови за работата на Работниот клуб |
| 3 | пр. Комуникација со лица од регионот за практиканство во работните клубови, компании и практиканти..... | 15/07/2016-15/08/2016 | Подготовка на прашалник за идентификација на нивни вештини и интереси<br>Подготовка на прашалник за идентификација на потребите на компаниите<br>Подготовка на извештај за работа идентификување на практиканти за работните клубови | 10 пријави за практиканти во работните клубови<br>Селектирани првите лица за работа во работните клубови:<br>Разговарано со 10 компании<br>Со 3 компании и потпишани меморандуми за практиканти |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

*Датум________*

*Апликант за локален тренер во Работен Клуб Општина____ ________________*

*Име и презиме_________________________________________*

*Потпис _________________________________________*

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Список на документи за доставување**

| ***бр*** | ***Документ*** | √ |
|---|---|---|
| 1. | Биографија | |
| 2. | Писмо за интерес | |
| 3. | *Образец 1 – предлог работен план, пристап, методологија* | |
| 4 | Писмо за препорака – по потреба | |

*[Списокот за документи за доставување на барањето е за евиденција и помош на подносителот, истата може да се отстрани при поднесување на понудата ]*